**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-4013/2
Датум:18.05.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на фекална канализација за објект на ул.“Скупи“ бр.2 , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 17.05.2022 година изврши увид на лице место на ул.“ Скупи“ бр.2 по барање на Валентина Таневска со седиште на бул.“Илинден” бр.105/2-3 , Скопје за изведба на приклучок на фекална канализација.

Постапувајки по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.26021 за времен фекален приклучок издадено од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараниот приклучок.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=500 мм) со профил на фекален приклучок Ф=250 мм во должина од 5м.

Горе наведениот приклучок по решението за времен приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот со попречен прекоп на асфалтна подлога(5м) на ул.“Скупи“ бр.2

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 17.700,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба. Подлогата по положување на цевките да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новата фекална инсталација, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ